ResearchGate

See discussions, stats, and author profiles for this publication at: https://www.researchgate.net/publication/383610087

# ПРИРАЧНИК МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СЕКОЈА ВЕСТ НА ТЕСТ!

**Book** · September 2024

CITATIONS
0

READS
7

**7 authors**, including:

Violeta Janusheva
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**152** PUBLICATIONS **153** CITATIONS

SEE PROFILE

Dance Sivakova
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**10** PUBLICATIONS **30** CITATIONS

SEE PROFILE

Jove Dimitrija Talevski
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**93** PUBLICATIONS **84** CITATIONS

SEE PROFILE

Milena Pejchinovska-Stojkovikj
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**58** PUBLICATIONS **89** CITATIONS

SEE PROFILE

All content following this page was uploaded by Violeta Janusheva on 01 September 2024.

The user has requested enhancement of the downloaded file.

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
Педагошки факултет – Битола

Прирачник за медиумска писменост

# СЕКОЈА ВЕСТ
# НА ТЕСТ!

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

IREX

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
Педагошки факултет – Битола

**ПРИРАЧНИК**
**МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

# СЕКОЈА ВЕСТ НА ТЕСТ!

Битола, 2024 година

Педагошки факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Издавач
Педагошки факултет – Битола

Рецензенти
проф. д-р Људмил Спасов
проф. д-р Силвана Нешковска

Уредници
проф. д-р Виолета Јанушева
проф. д-р Данче Сивакова-Нешковски
проф. д-р Јове Димитрија Талевски

Лектор
проф. д-р Виолета Јанушева

Компјутерска обработка
доц. д-р Јосиф Петровски

Печати
Фото Лидија – Битола

Тираж: 100

Овој прирачник е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината е одговорност на ИРЕКС и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.

Составувачи на содржините: проф. д-р Виолета Јанушева, проф. д-р Данче Сивакова-Нешковски, проф. д-р Јове Димитрија Талевски, проф. д-р Милена Пејчиновска-Стојковиќ, ас. м-р Марија Стојаноска, лектор м-р Елена Шалевска, и студентот/студентките: Атанасовски Димитар, Англиски јазик и книжевност; Бојана Мандровска, Благица Наумова и Ева Нешкоска, Македонски јазик и книжевност.

**ЦИП**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37:316.774(035)

СЕКОЈА вест на тест! : прирачник за медиумската писменост во високото образование / [уредници Виолета Јанушева, Данче Сивакова-Нешковски, Јове Димитрија Талевски]. - Битола : Педагошки факултет, 2024. - 223 стр. : илустр. ; 30 см

Библиографија: стр. 227-232

ISBN 978-9989-100-80-2

# СОДРЖИНА


1. Медиумите, новинарите и новинарските стандарди
2. Сопствениците и уредниците во медиумите, ограничување на слободата на говорот, доверба во медиумите, улогата на алгоритмите
3. Анализа на различни видови медиумски содржини, дезинформации и манипулации
4. Борба против дезинформациите и проверка на кредибилитетот на медиумите
5. Стереотипи, пристрасно известување и говор на омраза

# ПРЕДГОВОР

Прирачникот „Медиумска писменост во високото образование“, првенствено, им е наменет на студентите/студентките на Педагошкиот факултет во Битола и на студентите/студентките на другите единици на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Сепак, во него, корисни информации може да најдат сите заинтересирани за појавите поврзани со медиумската писменост.

Прирачникот содржи пет глави, во кои, покрај теоретски сознанија за актуелни медиумски содржини, на студентите/студентките им се нудат голем број активности, со кои тие се запознаваат со значењето на медиумската писменост, учат да пристапуваат до медиумските содржини и да ги анализираат и, на тој начин, го развиваат своето критичко мислење и стануваат медиумски писмени лица што може да одговорат на предизвиците во современиот свет.

Составувачите на содржините

## Поим за медиумска писменост

Поимот медиумска писменост се појавува уште во 1955 г. и се поврзува со името на Луис Форсдејл (Louis Forsdale), што го употребува во контекст на помошта што треба да им се понуди на студентите/студентките за тие да стекнат неопходна повеќемедиумска писменост. Во тоа време, овој поим не го добива потребното внимание. Дури кон крајот на векот, поимот медиумска писменост се актуализира во врска со општото проширување на поимот писменост.

Медиумската писменост (МП) е способност да се користат различни видови медиуми, безбедно и одговорно. Всушност, станува збор за способност на личноста да пристапува кон одреден медиум, да размислува за постојните медиумски содржини и да ги анализира, да создава нова медиумска порака и да презема соодветна акција. Медиумски писмените граѓани подобро ги разбираат сложените медиумски пораки од весниците, книгите, телевизијата, билбордите, веб-страниците, друштвените мрежи и сл. и подобро препознаваат дезинформација.

## Зошто е важна медиумската писменост во наставата?

Во денешниот свет преполн со различни медиуми и информации, МП помага:

- да се развиваат вештините за критичко размислување;
- да се разбира начинот на кој медиумите ги обликуваат културата и општеството;
- да се препознава намерата на создавачите на медиумите (во што сакаат тие да веруваме или што сакаат да правиме);
- да се препознаваат техниките што се користат за убедување;
- да се препознаваат пристрасното известување, дезинформациите и лагите;
- да се откриваат деловите од приказната што не се кажани или напишани;
- да се проценуваат медиумските пораки, според сопственото искуство, вештините и верувањата;
- да се создаваат сопствени медиумски пораки.

Исто така, МП помага да се разбере влијанието на медиумите врз индивидуата и општеството. Таа ја подига свеста на луѓето за сопствената култура, за сопствените вредности и за значењето на информациите и комуникацијата, што значи дека МП вклучува доживотно учење. Во оваа смисла, преку наставата за МП, преку поучување

за МП, студентите/студентките може да му дадат смисла на своето искуство со медиумите и со новата технологија.

При поучувањето за развивање вештини за МП, на наставниците им се препорачува да ги земат предвид следниве аспекти (Брасел и Карг – Braesel & Karg, 2021):

- **Пристап** – Пристапот се однесува на можноста студентите/студентките да ги научат начините на кои може да најдат, да разберат и да споделат одредена медиумска порака и да употребуваат технологија. На пример, за да се најде одредена содржина онлајн, студентите/студентките треба да знаат да ја употребуваат технологијата и да ги знаат клучните зборови што треба да ги внесат во пребарувачот. Понатаму, за да ги употребуваат социјалните (друштвените) мрежи, студентите/студентките треба да имаат способност да стапуваат во интеракција со други и да имаат развиена свест за содржините што треба и што не треба да се споделуваат.
- **Анализа** – Анализата ја опфаќа способноста на студентите/студентките да научат да анализираат одредена медиумска содржина. На пример, студентите/студентките треба да интерпретираат и проценуваат различни медиумски пораки, при што предвид се земаат авторот на текстот, целта и гледната точка на медиумот, пораката и публиката.
- **Создавање** – Создавањето ја вклучува способноста на студентите/студентките да го научат начинот на кој може да создадат сопствена медиумска порака и неа да ја споделат онлајн. На пример, студентите/студентките треба да научат да создадат порака во вид на текст, слика, видео, блог, веб-страница и сл. На овој начин, се зголемува нивната самодоверба, во однос на сопственото изразување.
- **Рефлексија** – Рефлексијата се поврзува со размислувањето на студентите/студентките за влијанието на одредена медиумска порака и на технологијата врз поединецот и општеството. На пример, медиумите може да се користат за забава (поединец). Понатаму, медиумската порака може да влијае на јавната дискусија за одредено прашање или на јавната перцепција на одреден проблем (општество).
- **Дејствување** – Дејствувањето се однесува на способноста на студентите/студентките да преземат акција, односно да дејствуваат. Тоа значи дека студентите/студентките треба да бидат свесни за целите што сакаат да ги постигнат кога

ги употребуваат медиумите. На пример, може да се создаде медиумска кампања за да се зголеми свеста за потребата од заштита на околината.

МП треба да ги развива свеста на студентите/студентките за општествената одговорност и за етичките принципи и свеста за влијанието на технологијата врз ставовите и однесувањето на луѓето. На пример, преку одредена медиумска порака на друштвените мрежи, може да се охрабрува непромислено однесување. Во исто време, МП треба да им помогне на студентите/студентките да станат свесни за етичките последици од своето однесување. На пример, содржината што студентите/студентките ја објавуваат на друштвените мрежи може да го има посакуваниот, но може да има и непосакуван ефект.

Оттука, МП им овозможува на студентите/студентките:

- да научат да размислуваат критички, односно да ги оценуваат медиумите, да одлучуваат дали пораката има смисла и да ги откриваат причините поради кои одредена порака вклучува одредени информации. Тие учат да употребуваат примери кога го изразуваат сопственото мислење;
- да станат паметни корисници на информациите, односно да ја согледуваат веродостојноста на информациите и да ја сфаќаат убедувачката моќ на рекламите;
- да ја откриваат гледната точка на создавачите на пораката, што доведува до тоа да се запознаат тие со различни перспективи на одреден поим и да ја стават информацијата во контекст на она што веќе го знаат;
- да станат медиумски одговорни личности, односно да ја препознаваат својата гледна точка, да знаат што сакаат да кажат и на кој начин тоа сакаат да го кажат. Така, тие сфаќаат дека нивната порака е клучна за ефективна комуникација.
- да ја разберат целта на создавачот на пораката, односно она што создавачот сака да го каже со одредената медиумска порака. На пример, дали текстот е информативен, дали има за цел да влијае на нивното мислење, дали воведува нови идеи за кои тие претходно немаат слушнато и сл.

Преку поучување за медиумската писменост, студентите/студентките носат одлуки врз основа на информации, учат за светот што ги опкружува и се вклучуваат во активности за доживотно учење. Во исто време, тие создаваат информации и критички

размислуваат. МП ги учи студентите/студентките да ги употребуваат и старите и новите медиуми за да се изразат себеси и да учествуваат во демократијата на својата земја.

View publication stats